Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19), член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16, 72/2018 и 16/2022) и член 38 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 14.08.2023 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2023 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2023 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.17/2022), во глава IV.„Извори за финансирање на Програмата“, табелата се заменува со нова табела:

| Р:бр | Програма | Потпрограма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Д | ДА | Месна самоуправа - Капитални проекти | 150.000,00 |
| 2 | Е | ЕА | Општинска администрација- Капитални трошоци на општината | 8.600.000,00 |
| 3 | Ф | | Урбано Планирање | 30.500.000,00 |
| 4 | Ј | | Комунални дејности | 24.020.000,00 |
| 5 | Л | ЛА | Спорт и рекреација - Капитални расходи | 1.200.000,00 |
| | | | **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **64.470.000,00** |

### Член 2

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЕА – Капитални трошоци на општината“, износот „13.100.000,00“ се заменува со износот „8.600.000,00“.

Ви истата програма ЕА, во делот „потпрограма ЕА0 - Капитални трошоци на општината“, износот „13.100.000,00“ се заменува со износот „8.600.000,00“.

### Член 3

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ФА – Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци“, износот „24.500.000,00“ се заменува со износот „29.500.000,00“.

Ви истата програма ФА, во делот „потпрограма ФА0 - Уредување на градежното земјиште-Капитални трошоци “, износот „24.500.000,00“ се заменува со износот „29.500.000,00“.

### Член 4

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште“, во табелата во делот „Програма ЈЛ – Капитални расходи за други комунални услуги“, износот „4.700.000,00“ се заменува со износот „1.700.000,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛ0 - Капитални расходи за други комунални услуги“, износот „500.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛА - Регулација на дел од коритото на Сува река“, износот „100.000,00“ се заменува со износот „0,00“.

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛЦ - Регулација на одводниот канал "Рауљ", износот „100.000,00" се заменува со износот „0,00".

Ви истата програма ЈЛ, во делот „потпрограма ЈЛД - Примарна и секундарна сообраќајна мрежа за Мултинаменски комплекс „МИЛЦИ" Гевгелија", износот „4.000.000,00" се заменува со износот „1.700.000,00".

**Член 5**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во табелата во делот „Програма ЈМ – Изградба на паркови и зеленило – капитални расходи", износот „1.800.000,00" се заменува со износот „5.800.000,00".

Ви истата програма ЈМ, во делот „потпрограма ЈМА - Изградба на нов градски парк", износот „1.000.000,00" се заменува со износот „5.000.000,00".

**Член 6**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот „Вкупно", износот „62.970.000,00", се заменува со износот „64.470.000,00 ".

**Член 7**

Во Глава „V.Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште", во делот „Рекапитулација на расходите", табелата ", се заменува со нова табела:

**„Рекапитулација на расходите:**

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **Д** | | **МЕСНА САМОУПРАВА** | **150.000,00** |
| | **ДА** | Месна самоуправа – Капитални проекти | 150.000,00 |
| **Е** | | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | **8.600.000,00** |
| | **ЕА** | Капитални трошоци на општината | 8.600.000,00 |
| **Ф** | | **УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ** | **30.500.000,00** |
| | **Ф2** | Уредување на градежно земјиште | 1.000.000,00 |
| | **ФА** | Уредување на градежно земјиште-Капитални трошоци | 29.500.000,00 |
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **24.020.000,00** |
| | **Ј7** | Одржување и користење на паркови и зеленило | 6.500.000,00 |
| | **Ј8** | Други комунални услуги | 2.920.000,00 |
| | **ЈА** | Изградба на јавно осветлување | 1.000.000,00 |
| | **ЈЕ** | Изградба на простор за паркирање | 1.200.000,00 |
| | **ЈГ** | Изградба на системи за водоснабдување | 300.000,00 |
| | **ЈИ** | Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води | 100.000,00 |
| | **ЈЈ** | Изградба на депонии за отпад | 500.000,00 |
| | **ЈЛ** | Капитални расходи за други комунални услуги | 1.700.000,00 |
| | **ЈМ** | Изградба на паркови и зеленило-Капитални расходи | 5.800.000,00 |
| | **ЈН** | Урбана опрема-Капитални расходи | 4.000.000,00 |
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **1.200.000,00** |
| | **ЛА** | Спорт и рекреација-Капитални расходи | 1.200.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **64.470.000,00** |

**Член 8**

Во Глава „VI.Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште", дел „VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште" во табелата во делот „1 Станбени објекти", во алинејата 2 по зборот „плоча)" се става запирка и се додава „рамен кров", а коефициентот „0,2" се заменува со коефициентот „0,5".

**Член 9**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1298/1
14.08.2023 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Патрик Матх***
**с.р.**